ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Сл. Весник на Р. Македонија, бр.27 од 15.02.2016 година

Член 1

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија" број 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15 и 154/15), во член 27-а по ставот 2 се додаваат два нови ставови 3 и 4, кои гласат:

„Овластеното службено лице од министерството надлежно за работите на трудот кое ја води постапката е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето по службена должност да ги прибави доказите и податоците потребни за докажување на исполнетоста на условите од членот 27 став 1 алинеи 2 и 5 од овој закон.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците од ставот 3 на овој член е должно да ги достави бараните докази и податоци во рок од три дена од денот на приемот на барањето."

Ставовите 3, 4, 5 и 6 стануваат ставови 5, 6, 7 и 8.

Член 2

Во членот 47 во воведната реченица, по зборот „закон" се става запирка и се додаваат зборовите: „Законот за општата управна постапка".

Член 3

Во член 74 по ставот 3 се додаваат три нови ставови 4 ,5 и 6, кои гласат:

„Овластеното службено лице од Агенцијата кое ја води постапката е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето, по службена должност да ги прибави доказите и податоците потребни за докажување на исполнетоста на условите од членот 65 од овој закон.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците од ставот 4 на овој член е должно да ги достави бараните докази и податоци во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Образецот на барањето од ставот 1 на овој член и потребната документација за остварување на правото на паричен надоместок ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот, во согласност со министерот за информатичко општество и администрација."

Член 4

Во членот 80 став 2 зборот „писмено" се брише.

Член 5

Членот 81 се менува и гласи:

„По барањето за остварување на правата од членот 80 став 1 од овој закон Агенцијата каде што е евидентирано невработеното лице донесува решение во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Жалбата против решението од ставот 1 на овој член се поднесува до министерството надлежно за работите од областа на трудот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението и не го одлага извршувањето на решението."

Член 6

Членовите 81-а и 81-б се бришат.

Член 7

Во членот 91 став 4 точка 5) во алинејата 5 зборот „или" се брише.
Алинејата 6 се брише.

Член 8

По член 100 по ставот 3 се додаваат два нови ставови 4 и 5, кои гласат:
„Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице кое ја води постапката, ако:
- не ги прибави доказите во рок од три дена од денот на приемот на барањето (член 27-а став 3 и член 74 став 4) и
- не одлучи по барањето во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето (член 80 став 3) .
Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците ако не ги достави бараните докази и податоци во рок од три дена од денот на приемот на барањето (член 27-а став 4 и член 74 став 5)."
Ставот 4 станува став 6.

Член 9

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

Започнатите постапки до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 11

Одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 8 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".